АКТИВНОСТИ НА МГД

2025 година беше исполнета со голем број активности на МГД. Во месец јануари хералдот Јован Јоновски присуствуваше на поткаст на Канал 77 во Штип за грбот и знамето на Република Македонија, каде што зборуваше за процесите при нивно усвојување (сл. 1). Веќе во февруари премиерот Мицковски најави отворање на прашањето за грбот на Република Македонија. Тоа предизвика огромен интерес во јавноста, па главниот хералд Јоновски и вардарскиот хералд Иван Нацевски учествуваа во многубројни емисии и поткасти (сл. 2).

Зголемената популарност на друштвото доведе и до хакерски напад на веб-страницата на МГД што доведе до многу проблеми, особено со системот за отворени публикации на кој е и хостиран гласникот „Македонски хералд“. Како последица системот беше пренесен на journals.mk OJS систем на фондацијата Спироски, со што беа подобрени карактеристиките на гласникот со конечно добивање на интерфејсот на македонски јазик и низа други подобрувања, како автоматско добивање на ДОИ број и проширување на метаподатоците за списанието со што се зголеми присуството на интернет, кај пребарувачите и индексирање во Google, ResearchGate, ORCID и слично. Досегашниот начин на објавување со два броја годишно е променет, сега секоја статија се објавува веднаш, а потоа се собираат во том на крајот на годината и на 15 декември се објавува како том со број на годината. Така, оваа година гласникот излегува како том 25.

На 15 мај беше одбележан Денот на македонското знаме, иницијатива на Обединетата македонска дијаспора, кој за жал полека згаснува, оваа година веројатно МГД беше единствено што го одбележи. На 28 мај се одбележа и 20. јубилеј од првиот број на „Македонски хералд“ и првото предавање во Музеј на Македонија.

На 5 и 6 јуни хералдот Јоновски учествуваше на 4. меѓународен колоквиум по генеалогија, хералдика и вексилологија во Вилнус, Литванија, на тема „Шефови на држави: потекло, грбови и знамиња“- каде учество зедоа 32 предавачи од 17 земји. Насловот на неговото предавање беше „Грбот и знамето на претседателот на Република Македонија“, каде што првпат беше претставено самото знаме на претседателот, кое за жал не е во употреба (сл. 3).

ACTIVITIES OF MHS

In January, Herald Jovan Jonovski participated in a podcast on Kanal 77 in Štip about the coat of arms and the flag of the Republic of Macedonia, where he spoke about the processes of their adoption (fig. 1).

Already in February, Prime Minister Mickovski announced the opening of the question of the coat of arms of the Republic of Macedonia. This caused huge public interest, so Chief Herald Jonovski and Vardar Herald Ivan Nacevski took part in numerous shows and podcasts (fig. 2).

The increased popularity of the Society also led to a hacker attack on the MHS website, which caused many problems, especially with the open journal system that hosts the journal Macedonian Herald. As a consequence, the system was transferred to the domain journals.mk, an OJS system of the Spiroski Foundation, improving the journal's features by finally providing a Macedonian-language interface and a series of other enhancements, such as automatic DOI assignment and expanded metadata. This increased the journal's online presence, visibility in search engines, and indexing in Google, ResearchGate, ORCID, and similar platforms.

The previous practice of publishing two issues per year was changed: now each article is published immediately and then collected into a volume at the end of the year. On December 15 the annual volume is released with the year's number. Thus, this year the journal appears as Volume 25.

On May 15, the Day of the Macedonian Flag was marked, an initiative of the United Macedonian Diaspora which unfortunately is slowly fading; this year MHS was probably the only organization to commemorate it. On May 28, the 20th anniversary of the first issue of Macedonian Herald and the first lecture at the Museum of Macedonia was celebrated.

On June 5–6, Herald Jonovski participated in the 4th International Colloquium on Genealogy, Heraldry, and Vexillology in Vilnius, Lithuania, on the theme "Heads of State: Ancestry, Coats of Arms, and Flags", where 32 lecturers from 17 countries took part. The title of his lecture was "The Coat of Arms and Flag of the President of the Republic of Macedonia" where for the first time the President's flag was presented, though unfortunately it is not in

До крајот на јуни Јоновски беше на студиски престој во Португалија и Шпанија каде што се запозна со ибериската хералдичка практика (сл. 4).

На 11 јули, конечно, изложбата Македонија во светот на хералдиката дојде во Скопје и беше поставена во Музејот на македонската борба. За таа прилика беше издаден и каталог за изложбата (сл. 5). На 31 јули беше отворена изложбата во Охрид во Музејско-културниот центар „Лапидариум“. Овој пат промотор беше и академик Љупчо Коцарев (сл. 6).

Од 27 до 30 август во Јаш, Романија, се одржа XXIII Меѓународен колоквиум по хералдика на кој учествуваа Јоновски со „Помеѓу Цариград и Виена: регионални специфики во грбот доделен на семејство со потекло од Македонија“ и Нацевски со „Грбот на семејството Мрњавчевиќ во илирската хералдика“. Повеќе детали во статијата за овој конгрес на страниците 60-67 од овој том.

Во октомври се одбележа 10 години од излегувањето на книгата Симболите на Македонија од Јоновски, најобемната книга за семиотика, хералдика, вексилологија, химнологија и фалеристика во Македонија каде што на 376 страници со преку 600 илустрации се претставени симболите на Македонија и нивниот развој. Во неа се разработени речиси сите аспекти од развојот и примената на симболите во Македонија. Книгата се занимава со хералдиката мултидисциплинарно, опфаќајќи историски, културолошки, социјални и правни аспекти. Во книгата е преставена и живата хералдика: Македонскиот територијално – хералдички систем и лична хералдика, како и хералдичка терминологија и синтакса.

По повод 13 ноември, денот на ослободувањето на Скопје, изложбата беше отворена и во Општина Ѓорче Петров. Овој пат изложбата почна со трибина Македонските грбови општинскиот визуелен идентитет, која ја отвори повторно избраниот градоначалник на општината д-р Александар Стојкоски. На трибината, покрај Јоновски и Нацевски, учествуваа и историчарот д-р Игор Јуруков и Никола Миовски од Центарот за култура „Ацо Караманов“ од Радовиш, кој е и спонзор на изложбата, и се осврна на искуството на Општина Радовиш при донесувањето на општинскиот грб (сл. 7). За оваа изложба беше направен дополнителен 36ти постер со грбовите на општините Центар и Карпош усогласени со Македонскиот територијален хералдички систем (сл. 8).

use (fig. 3). By the end of June, Jonovski was on a study visit to Portugal and Spain, where he became acquainted with Iberian heraldic practice (fig. 4).

On July 11, the exhibition “Macedonia in the World of Heraldry” finally arrived in Skopje and was set up in the Museum of the Macedonian Struggle. For this occasion, a catalogue of the exhibition was published (fig. 5). On July 31, the exhibition opened in Ohrid at the Museum-Cultural Center Lapidarium. This time the promoter was academician Ljupčo Kocarev (fig. 6).

From August 27–30, the XXIII International Colloquium on Heraldry was held in Iași, Romania. Jonovski presented “Between Constantinople and Vienna: Regional Specifics in a Coat of Arms Granted to a Family of Macedonian Origin”, and Nacevski presented “The Coat of Arms of the Mrnjavčević Family in Illyrian Heraldry”. More details can be found in the article about this congress on pages 60–67 of this volume.

In October, the 10th anniversary of the publication of Jonovski’s book Symbols of Macedonia was marked. This is the most comprehensive book on semiotics, heraldry, vexillology, hymnology, and phaleristics in Macedonia, with 376 pages and over 600 illustrations presenting the symbols of Macedonia and their development. The book elaborates almost all aspects of the development and application of symbols in Macedonia. It treats heraldry in a multidisciplinary way, covering historical, cultural, social, and legal aspects. It also presents living heraldry: the Macedonian territorial-heraldic system and personal heraldry, as well as heraldic terminology and syntax.

On November 13, the Day of the Liberation of Skopje, the exhibition was opened in the Municipality of Ǵorče Petrov. This time the exhibition began with a panel discussion “Macedonian Coats of Arms – Municipal Visual Identity”, opened by the re-elected mayor of the municipality, Dr. Aleksandar Stojkoski. Alongside Jonovski and Nacevski, historian Dr. Igor Jurukov and Nikola Miovski from the Aco Karamanov Cultural Center in Radoviš (sponsor of the exhibition) also participated, reflecting on the experience of the Municipality of Radoviš in adopting its municipal coat of arms (fig. 7). For this exhibition, an additional 36th poster was made with the coats of arms of the municipalities of Centar and Karpoš, harmonized with the Macedonian territorial-heraldic system (fig. 8).



3



1



2





heraldika.org.mk

5



4



6



Македонско грбословно друштво • Центар за култура „Ацо Караманов"- Радовиш

Хералдизација на општински амблеми

Хералдизиран грб на Центар

Актуелниот амблем на Општина Центар со минимални интервенции лесно може да прерасне во хералдички грб

Блазон
Штит: сребрено, од пламена основа феникс, сето црвено
Круна: златна бедемска круна со три кули зидана златно, на средишната кула порта, во дијадемата сребрени бисери
Венец: липови гранки преплетени во дното со црвена лента

Симболика
Фениксот го симболизира возобновувањето на Скопје и неговото централно јадро по многуте катастрофи низ неговата историја

Хералдизиран грб на Карпош

Актуелниот амблем на Општина Карпош со минимални интервенции лесно може да прерасне во хералдички грб

Блазон
Штит: сино, на златен појас меѓу дванаесеткрака ѕвезда и две брановидни ленти од истото, девет сребрени квадрати врамени сино, 2, 3, 4
Круна: златна бедемска круна со три кули зидана златно, на средишната кула порта, во дијадемата сребрени бисери
Венец: липови гранки преплетени во дното со црвена лента

Симболика
Ѕвездата го претставува манастирот Св. Пантелејмон во Нерези, брановидните ленти – водите на Вардар, а квадратите претставуваат мурална конструкција како симбол на урбаното јадро на општината

36

8



7



ГРБ НА БОРИС МАРКОСКИ

Историчар на уметноста од Крушево

Штит: Сино, на сребрен брег златен бедем врз него сребрена игла со два преплетени конца црн и црвен, во чело три сребрени рози
Челенка: Врз вкрстени игли со конец, сето сребрено, златен латински крст
Мантија: Сино поставено златно
Девиза: Труд во срцата, чест во делата
Блазон: Иван Нацевски
Емблазон: Иван Нацевски
Заведен: број 1/2025 на 26.04.2025 година ■

ARMS OF BORIS MARKOSKI

Art historian from Krushevo

Shield: AAzure, on a mount Argent a wall Or charged with a needle fesswise Argent with threads Sable and Gules interlaced.
Crest: Two needles with threads all Argent in saltire, overall a Latin cross Or
Mantle: Azure doubled Or
Motto: Труд во срцата, чест во делата
Motto in English: Labor in hearts, honor in deeds
Blazon: Ivan Nacevski
Emblazon: Ivan Nacevski
Registered: number 1/2025 on 26.04.2025 ■



ГРБ НА ПРЕДРАГ ТАСЕВСКИ

Інженер за кибернетичка безбедност од Куманово

Штит: Црно, откината сребрена волчја глава, во чело златен појас амбразура-контра-амбразура
Челенка: Врз две сребрени откинати и спо-ени контра волчји глави, златен клуч
Мантија: Црно поставено сребрено
Девиза: Currens in omnibus
Девиза на Македонски: Брзајќи во сè
Блазон: Иван Нацевски
Емблазон: Иван Нацевски
Заведен: број 2/2025 на 1.5.2025 година ■

ARMS OF PREDRAG TASEVSKI

Cybersecurity Engineer from Kumanovo

Blazon: Sable, a wolf head couped Argent, on a chief Or edged in chief nine endorses couped and pommettee 5 issuant from the chief and 4 from the base Sable
Crest: Two wolf's heads couped adjoint Argent, overall a key palewise Or
Mantle: Sable doubled Argent
Motto: Currens in omnibus
Motto in English: Speeding in all
Blazon: Ivan Nacevski
Emblazon: Ivan Nacevski
Registered: number 2/2025 on 1.5.2025 ■



ГРБ НА ДРАГОЉУБ ВЕЉАНОСКИ
Ѕидар од Тетово

Штит: Сино, сребрено стропило меѓу три сребрени кули
Челенка: Од астрална круна, половина сребрен крилест лав, вооружен сино
Мантија: Сино, поставено сребрено
Девиза: Правдата е светлина

Блазон: Димитриј Михајловски
Емблазон: Димитриј Михајловски
Заведен: број 3/2025 на 30.10.2025 година ■

ARMS OF DRAGOLJUB VELJANOSKI
Bricklayer from Tetovo

Blazon: Azure, Chevron Argent between three towers Argent
Crest: Issuant from astral coronet demi winged lion Argent, armed Azure
Mantle: Azure doubled Argent
Motto: Правдата е светлина
Motto in English: Justice is light
Blazon: Dimitrij Mihajlovski
Emblazon: Dimitrij Mihajlovski
Registered: number 3/2025 on 30.10.2025 ■



ГРБ НА ВЛАТКО МАНЕВСКИ
Телохранител од Велес

Штит: Расечен на златно и сино, два волка во од во пресрет вооружени сребрено еден под друг, ореол, сè обратно обоено
Челенка: Од златна античка круна, на син македонски крст обрабен златно, пресечена златна волчја нога вооружена сребрено
Мантија: Сино, поставено сребрено
Девиза: Правдата е светлина
Блазон: Димитриј Михајловски
Емблазон: Димитриј Михајловски
Заведен: број 4/2025 на 8.12.2025 година ■

ARMS OF VLATKO MANEVSKI
Bodyguard from Veles

Blazon: Per pale Or and Azure, two wolfs counter passant, an Orle, all countercharged.
Crest: Issuant from astral coronet Or on Macedonian cross Azure fimbriated Or a Wolf's paw couped Or
Mantle: Azure doubled Or
Motto: Силен и храбар
Motto in English: Strong and Bold
Blazon: Dimitrij Mihajlovski
Emblazon: Dimitrij Mihajlovski
Registered: number 4/2025 on 8.12.2025 ■



ГРБ НА ПЕТРЕ МАНЕВСКИ
Лимар од Сојаклари, Велешко

Штит: Сино, златен крст, три капки во превез обратно обоени
Челенка: ЗОд златна античка круна, на син македонски крст обрабен златно, златна капка
Мантија: Сино, поставено златно
Девиза: Никогаш жеден
Блазон: Димитриј Михајловски
Емблазон: Димитриј Михајловски
Заведен: број 5/2025 на 8.12.2025 година ■

ARMS OF ANGJELA ALEKSOVSKA
Physiotherapist from Kumanovo

Blazon: Azure, a cross Or, three gouttes countercharged.
Crest: Issuant from astral coronet Or on Macedonian cross Azure fimbriated Or goutte d'Or
Mantle: Azure doubled Or
Motto: Никогаш жеден
Motto in English: Never thirsty
Blazon: Dimitrij Mihajlovski
Emblazon: Dimitrij Mihajlovski
Registered: number 5/2025 on 8.12.2025 ■



ГРБ НА ЉУПЧО ЗЛАТЕВ

Економист и новинар од Кавадарци

Штит: Црвено, на син столб меѓу две сребрени кози со зланти рогови, златен рабуш. На сребрено чело златна јагодова круна меѓу две црвени ќеси со златници.
Челенка: Од златна челенкова круна половина сребрен лав кој во десната рака држи црвено ќесе со златници
Мантија: Десно црвено лево сино поставено сребрено
Девиза: Labor omnia vincit
Девиза на Македонски: Трудот победува сè
Блазон и емблазон: Јован Јоновски
Заведен: број 6/2025 на 9.12.2025 година ■

ARMS OF LJUPCHO ZLATEV

Economist and journalist from Kavadarci

Blazon: Gules, on a pale Azure between two goats rampant Argent horned Or a tally stick Or; on a chief Argent a ducal crown Or between two coin purses Gules
Crest: Issuing from a crest coronet Or a demi-lion Argent, holding in the dexter paw a coin purse Gules.
Mantle: Gules to dexter Azure to sinsiter doubled Argent
Motto: Labor omnia vincit
Motto in English: Work conquers all
Blazon & Emblazon: Jovan Jonvoski
Registered: number 6/2025 on 9.12.2025 ■

ХЕРАЛДИЧКИ РЕГИСТАР • HERALDIC REGISTER



ГРБ НА САШКА НАЦЕВСКА
Менаџер на човечки ресурси од Куманово

Штит: По стропило, сино и црвено, горе два лотосови цвета сребрени со златни семиња, долу сребрен коњ вооружан златно
Челенка: Златен лотосов цвет во профил-
Мантија: Црвено поставено сребрено
Девиза: Lux lucet in tenebris
Девиза на Македонски: Светлината во темнина свети
Блазон: Иван Нацевски
Емблазон: Иван Нацевски
Заведен: број 7/2025 на 14.12.2025 година ■

ARMS OF ANGJELA ALEKSOVSKA
Physiotherapist from Kumanovo

Blazon: Per Chevron Gules and Azure, in chief two lotus flowers Argent seeded Or and in base horse Argent maned Or
Crest: Lotus flower Or
Mantle: Gules doubled Argent
Motto: Lux lucet in tenebris
Motto in English: Light shines in the darkness
Blazon: Ivan Nacevski
Emblazon: Ivan Nacevski
Registered: number 7/2025 on 14.12.2025 ■

ISSN 1857-5544